КОМЕНТАР
COMMENT

Бр. 14



**На Предлог-ребалансот на Буџетот на РМ за 2017 година**

**10. Јули 2017**

Поднесениот Предлог-ребаланс на Буџетот на Република Македонија за 2017 година е **релативно соодветно** прекројување на буџетската каса. Особено низ призма на практиката присутна во претходниот период кога капиталните инвестиции се проектираа нереално високо и, очекувано, беа драстично намалувани при секој ребаланс, тековниот предлог-ребаланс претставува **пореалистичен одраз** на економските текови и политиките што намерува да ги спроведе Владата. Оттука, промената во пристапот на буџетирањето на јавните приходи и трошења претставува добар и ветувачки потег.

Во продолжение, Finance Think дава неколку коментари на различните аспекти на предлог ребалансот на буџетот:

- Ревидираната проекција на растот на економијата на 2.2% од претходно-проектираните 3% е **коректна** и во линија со предвидувањето на Finance Think од јуни 2017 за раст на економијата од 2.3% за целата 2017 година. Сепак, оваа стапка е со понатамошни **надолни ризици**, што негативно може да се рефлектира и врз приходната страна на буџетот во второто полугодие од 2017 година, што може да повлече потреба од втор ребаланс.

- Намалувањето на непродуктивните буџетски расходи е **долгоочекуван потег**, кој беше предмет на долги и опсежни дебати, меѓутоа никогаш не се случи во мера во којашто се случува со овој предлог-ребаланс. Сепак, потребна е **внимателност** околу овој потег, особено во поглед на буџетирањето за следната година, во следната смисла: 1) кратењето на т.н. непродуктивни трошоци од 10% може да се смета и за недоволно, особено имајќи ги предвид сите сознанија и наоди за начинот на трошењето на буџетските средства во претходниот период; и 2) Владата, сепак, треба да отвори јавна дебата за тоа што претставува непродутивно трошење. Целосното кратење на трошоците за меѓународно рекламирање како дел од политиката за привлекување странски инвестиции не неопходно треба да се гледа како непродуктивен трошок. Дел од трошоците како овој ќе мора да се намалат и, веројатно, значајно да се реструктуираат, меѓутоа **арбитрарното кратење** на трошоци кои Владата

Finance Think – 2017 All right reserved.

ги смета за непродуктивни, може да не биде целосно оправдано.

- И покрај заложбите за кратење на непродуктивните трошоци, сепак дел од буџетското кратење се рефлектира и кај **капиталните инвестиции**. Дел од таквото кратење е поради иницијалното надувување на овие трошења, но дел е и поради неможноста да се даде посилен импулс на инвестиции од државата во краток период. За оваа тема, Владата треба да отвори широка дебата со цел артикулирање општествен консензус за инвестициските приоритети и потенцијално да спроведе студија за оценка на **фискалните мултипликатори** на различните видови капитални инвестиции.
- Сепак, имајќи предвид дека: 1) може да се појави потреба за нов ребаланс поради потенцијално поголемо потфрлање на буџетските приходи, 2) арбитрарното кратење на т.н. непродуктивни трошоци, и 3) кратење на капиталните инвестиции, произлегува дека буџетската каса ќе можеше да се скрои подобро доколку ребалансот се случеше во **септември 2017**.
- На крајот, останува перцепцијата дека ребалансот ја **ослабнува развојната компонента**, а понатамошно **ја надувува социјалната компонента** (се додаваат средства за покривање на расходот сврзан со реформата на минималната плата, се додаваат средства за стечајци, се додаваат средства за ПИОМ и тн.). За темата на развојната наспроти социјалната компонента се очекува Владата да отвори јавна дебата при проектирањето на буџетот за 2018 година.

Се` на се`, прекројувањето на буетската каса за второто полугодие од 2017 година е спроведено **релативно соодветно**, во рамки на зададените ограничувања од проектирањето што го спровела претходната влада. Но, буџетското проектирање за 2018 година се очекува да биде попрецизно, со поголемо вклучување на засегнатите страни, да направи оптимален баланс помеѓу социјалната и развојната компонента, и реално да го одрази долгорочното планирање на капиталните инвестици. Од таа гледна точка, мониторингот на буџетскиот процес за 2018 ќе биде покритички.

Finance Think – 2017 All right reserved.